# Раководител за тргување со енергија

ОКТА, членка на HELLENiQ Energy Групацијата – една од водечките енергетски групации во Југоисточна Европа, бара Раководител за тргување со енергија, со соодветно работно искуство во областа на трговија на големо со електрична енергија, да се приклучи на нашиот тим.

Раководителот за тргување со енергија е одговорен за оптимизирање на енергетското портфолио на ОКТА во областа на тргување со електрична енергија, како и управување со ризикот на енергетските пазари. Оваа позиција бара длабоко познавање на енергетските пазари, енергетската берза во земјата и регионот, финансиски анализи, и докажано успешно тргување со енергија.

Раководителот за тргување со енергија ќе има клучна улога во зголемувањето и интензивирањето на големопродажните активности на ОКТА на енергетскиот пазар во Северна Македонија, како и другите пазари на електрична енергија (регионално), максимизирајќи ја профитабилноста и обезбедувајќи усогласеност со законските барања.

**ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ:**

- Зголемување на енергетското портфолио во делот на тргување со електрична енергија и соодветно зголемување на бројот на корисници во балансната група на ОКТА
- Координација и планирање на количините на електрична енергија потребни за тргување на дневна, месечна и годишна основа
- Преглед на трансакции со електрична енергија
- Преглед на билансните податоци за електрична енергија
- Евалуација на доставени понуди од тендери за трговија со електрична енергија
- Координација на трансакциите за доставена електрична енергија до соодветни институции.
- Координација на договорите за трговија со електрична енергија, како и договори со клиенти, снабдувачи со енергија и трговци
- Обработка на документација за управување со ризик за клиенти кои тргуваат со електрична енергија
- Обработка на CCP за клиенти кои тргуваат со електрична енергија
- Подготовка на предлог на годишен и петгодишен бизнис план
- Извршување на други работни задачи од областа на стручната квалификација, дадени од претпоставениот.

**ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:**

- Висока стручна спрема од областа на Електротехника, Машинство или слична сродна област;

- Минимум 3 (три) години релевантно работно искуство во трговија со електрична енергија, особено во трговија на големо (работно искуство во трговија со регионални берзи ќе се смета за предност);
- Познавање и разбирање на Законот за енергетика и други сродни закони и подзаконски акти. Детално познавање на мрежните правила за пренос и дистрибуција;
- Напредно познавање на MS Office (Excel, Word, Power Point);
- Одлично познавање на деловен англиски јазик.

**ПОТРЕБНИ ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ**

- Силни интерперсонални и комуникациски вештини
- Добри организациски вештини и time-management вештини;
- Преговарачки вештини;
- Способност за работа во тим;
- Способност за multi-task;
- Одговорност;
- Ориентираност кон резултати;
- Способност за донесување одлуки;
- Професионализам и висок етички стандард.

Ако сметате дека го имате потребното искуство и сте заинтересирани за оваа можност, ве молиме испратете го вашето CV на англиски јазик на следнава е-маил адреса: rabota@theheadhunter.com. Сите примени апликации ќе бидат разгледани во строга доверливост. Само кандидатите во потесен избор ќе бидат контактирани за интервју.